

**East Gate Mall** (дел од Балфин Груп) е првиот мултифункционален комплекс кој е спој на трговски и забавен центар, резиденцијален комплекс и деловен парк. Целта е да го подигнеме животниот и деловниот стандард и да донесеме нова енергија во срцето на Скопје преку воведување на нов животен стил и современи стандарди на урбано живеење.

Поради проширување и зајакнување на одделот за финансии, во потрага сме по:

**СПЕЦИЈАЛИСТ ЗА КОНТРОЛИНГ И ИЗВЕСТУВАЊЕ**

**Одговорности и работни задачи:**

- Воспоставува и одржува системи и контроли за да се потврди интегритетот на сите финансиски системи, процеси и податоци. Овие системи треба да обезбедат планирање на профитот, прогнози за приходи од кирии и услуги, буџети за расходи, капитални и останати потреби, стандарди за трошоци и неопходни процедури за ефективен план
- Обезбедува сметководствените документи да се усогласат со сите прописи, политики, работни процедури и упатства
- Месечно ја прегледува главната книга за да ја потврди точноста на сметководствените записи
- Преглед на финансиските извештаи за да се обезбеди точност на сметководствената евиденција
- Спроведување ревизии и усогласување на сметките за да се осигура дека сите трансакции се точно евидентирани
- Надгледување и контрола на користењето на капекс сметките
- Ги контролира планираните плаќања и го следи готовинскиот тек
- Спроведување на ревизии за да се осигура дека сметководствената евиденција точно ги одразува финансиските трансакции
- Контрола на побарувањата со следење на процесот на наплата на деликвентни клиенти
- Да се координира со внатрешните и надворешните ревизори за да се обезбеди усогласеност со прописите
- Обезбедува точна и навремена дисеминација на финансиските информации и информациите за успешноста, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на внатрешни и надворешни месечни и квартални перформанси и финансиски извештаи, како и тековни прогнози на годишните буџети
- Координира проекти од висок профил, вклучувајќи сложено финансиско моделирање, финансирање на развојни проекти и комуникација со сопствениците
- Врши усогласеност со извештаите на банките, вклучително и следење и прогнозирање на усогласеноста со соодветните договори за заем
- Подготвува извештаи за менаџментот во врска со финансиската состојба на компанијата и идентификување на прашања кои може да бараат внимание.

**Потребни стручни работни компетенции/способности и вештини:**

- Висока стручна подготовка од областа на економските науки
- Минимум 5 годишно работно искуство на иста или слична работа позиција
- Искуство во управувачко сметководство
- Напредно познавање на Microsoft Office пакет, програми за сметководствено работење, Power BI
- Активно познавање на MSS & MSFI сметководствени стандарди
- Сертификат за овластен сметководител ќе се смета за предност
- Професионална сертификација CA, CFA, CMA или CPA ќе се смета за предност
- Одлично познавање на англиски јазик
- Изразени аналитички способности
- Способност за решавање на проблеми и одлучување

**Потребни општи работни компетенции/способности и вештини:**

- Одговорност и ориентираност кон резултати
- Развиено чувство за работна етика
- Ориентираност кон клиенти
- Способност за самостојна и тимска работа
- Силни организациски и интерперсонални вештини
- Силни комуникациски вештини

**Што нудиме:**

- Работа во динамична интернационална средина, со амбициозен и професионален тим
- Атрактивна компензација, во согласност со искуството и работните обврски
- Годишен бонус согласно постигнувањата
- Работно време: 08:00/09:00 – 16:00/17:00 (флексибилно)

Доколку сте заинтересирани за работа во динамична средина, со професионален и проактивен тим, а воедно ги исполнувате потребните квалификации, ги очекуваме вашите апликации.

Испратете го своето CV преку означеното поле, најдоцна до **28.04.2024.**